08-2489/1
22-07-2026

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година донесе

ОДЛУКА

Постапката по предмет со бр. 08-5600/1 од 06.06.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со бр. 08-5600/1 од 06.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

***Образложение***

Предметот со бр. 08-5600/1 од 06.06.2022 година е оформен по Годишен план за следење на имотната состојба за 2022 година за проверка на вистинитоста на податоците од Изјавата за имотна состојба и интереси на лицето ______________, судија на __________________________ Скопје.

ДКСК, од лицето _______________________ побара да достави податоци за ЕМБГ и сродство за лицата со кои живее во заедничко домаќинство. Од страна на лицето ______________________ беа доставени бараните податоци.

ДКСК, во конкретниот случај со цел да ја утврди фактичката состојба, прибави податоци за имотот на ____________________ и за членовите на нејзиното семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и финансиските институции во државата.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од направената анализа на податоците добиените од горенаведените институции и податоците кои лицето ги има наведено во анкетниот лист утврдено е дека *лицето* ______________________ во законски предвидениот рок поднела Изјава за имотна состојба и интересни. Констатирано е дека лицето со задоцнување има пријавено промена во имотната состојба во однос на стекнување со движна ствар – моторно возило.

Согласно со член 41 став 1 и 4 од Законот за прекршоци ( Службен весник на РСМ бр 96/19 и 253/23 ) Прекршочната постапка не може да се води ако поминат две години од денот на последното дејствие на прекршокот и застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.
Имајќи предвид дека се изминати повеќе од две години од денот кога е сторен прекршокот, а прекршочна постапка против сторителите не е поведена , настапила застареност на прекршочното гонење, поради што прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води.

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., Раководител на одделение
Согласен: К.З., Раководител на сектор.
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk